## Наставна програма по слободен изборен предмет Сликање за VIII одделение

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Сликање** |
| **Изготвил** | **Арменд Имери** |
| **Училиште** | **ООУ„Перпарими“ Голема Речица-Тетово** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Изборен предмет за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети |
| **Одделение** | **VIII (осмо)** |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • **Вовед во сликањето и основните елементи на ликовната уметност**<br>• **Уметнички стилови и техники на сликање**<br>• **Уметничка критика** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно/36 часа во текот на едно полугодие |
| **Опрема и средства** | • Аудиовизуелни средства (фотоапарат, LCD-проектор, дигитална камера, компјутер, паметна табла, таблет, печатач и други дигитални уреди).<br>• Интернет и софтвер.<br>• Визуелни алатки (цртежи, фотографии, списанија, книги, банери, постери, апликации, илустрации, проспекти и др.).<br>• Средства и материјали за сликање (моливи, акварел бои, хартија за акварел, гваш бои и темперни, акрилни бои, бои за стакло, платно за сликање, четки за сликање, палета за мешање бои, сликарски штафелаи, мали камчиња или капачиња од шишиња за техниката мозаик). |

## Наставна програма за слободен изборен предмет Сликање за VIII одделение

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од подрачјето ***Уметничко изразување и култура*** од Националните стандарди:

| *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|

| | |
|---|---|
| VIII - A.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII - A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII - A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII - A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII - A.9 | да препознае и објасни како култура на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII - A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура, туку и низ перспективата на други култури. |

| *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
|---|

| | |
|---|---|
| VIII – Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |
| VIII – Б.2 | критичкиот однос конразличните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности; |
| VIII – Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII – Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитет на припадниците на различни култури; |
| VIII – Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди :

***Јазична писменост, Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура***

| *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|

| | |
|---|---|
| I – А.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик, преку различни медиуми и за различни цели; |
| I – А.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I – А.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| IV – А.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| IV – А3 | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV – А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV – А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира пода-тоците и да ги претстави на различни начини почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV – А.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| V – А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V – А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V – А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| VI – А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајки ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI – А.28 | да ги раскаже и објасни историските настани на светско ниво (од социјален, кул турен и политички аспект) што се битни за развојот на цивилизацијата, за форми рање на нациите и за односите меѓу народите и државите во современи услови. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| I – Б.3 | преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство; |
| I – Б,4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење може да придонесе за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвика недоразбирање и конфликти; |
| IV – Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.6 | успехот во животот, во голема мера, зависи од целите што ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес. |

| **РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ** |
|---|

| Тема 1: **Вовед во сликањето и основните елементи на ликовната уметност**<br>Вкупно часови: 4 |
|---|
| ***Знаења/Вештини :*** |
| • Ја разбира разликата меѓу сликањето како техничка вештина и сликањето како средство за визуелен израз;<br>• Ги знае и препознава основните ликовни елементи и принципи на композиција. |

| ***Ставови/Вредности:*** |
|---|
| • Разбира дека сликарството има улога во пренесување пораки и општествени вредности;<br>• Ја прифаќа важноста на ликовните елементи и принципи за создавање визуелно урамнотежени и изразни уметнички дела. |

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|---|
| **Вовед во ликовната уметност: Што е Сликање и нејзината улога**<br><br>(сликање, техника, израз, површина, медиум, четка, композиција) | 2 | • Учениците се запознаваат со предметот Сликање, поделба на фазите под различни теми: Вовед во сликањето и основните елементи на ликовната уметмост, Уметнички стилови и техники на сликање и Уметничка критика.<br>• Со учениците правиме кратка дискусија со прашања: Што мислите, што е уметност?, или Дали уметноста има улога во нашето секојдневие? При што наставникот запишува клучни зборови на табла (израз, убавина, чувство, порака...). Потоа заедно со учениците дефинираме  дека Сликањето е ликовна техника каде се изразуваат идеи, мисли и чувства преку боја нанесена на рамна површина. |
| **Ликовни елементи и принципи**<br><br>**Ликовни елементи** (боја, линија, форма, простор, текстура, тон)<br>**Ликовни принципи** (рамнотежа, контраст, ритам, единство, движење, пропорција) | 2 | • Учениците следат кратка презентација преку која се запознаваат со поимите „ликовни елементи“ и „ликовни принципи“. За време на презентацијата, им се прикажува уметничко дело со нагласени ликовни елементи (боја, линија, форма, текстура) и принципи (рамнотежа, контраст, ритам). Учениците учествуваат во дискусијата преку одговарање на отворени прашања поставени од наставникот, како што се:<br>➢ „Што прво ти го привлече вниманието?”<br>➢ „Какви линии, форми или бои забележуваш?”<br>➢ „Дали делото изгледа симетрично или динамично? Зошто?” |

| Тема 2: **Уметнички стилови и техники на сликање**<br>Вкупно часови: 22 |
|---|
| ***Знаења/Вештини :*** |
| • Може да ги идентификува и спореди основните ликовни карактеристики на класицизмот, реализамот и импресионизмот;<br>• Разбира како уметноста служи како средство за изразување на емоции и лични доживувања;<br>• Ја разбира разликата меѓу оригинално уметничко дело и негова репродукција;<br>• Прави разлика помеѓу симболиката на византиската и исламската уметност;<br>• Умее да примени техники на темпера и акварел при создавање ликовно дело;<br>• Има познавања за користење на акрил и алатките за негова примена во уметничко дело;<br>• Умее да користи рециклирани и природни материјали при создавање на креативни уметнички дела;<br>• Може да опише и примени техника на витраж во сопствено уметничко дело;<br>• Може да создаде и презентира уметничко дело со оригинален пристап. |

| ***Ставови/Вредности:*** |
|---|
| • Почитува различни уметнички стилови и културни изрази како дел од светското културно наследство;<br>• Има позитивен став кон улогата на уметноста во образованието и културата;<br>• Се залага за користење на уметноста како средство за интеркултурен дијалог;<br>• Верува дека експериментирањето со боја и техника е начин за откривање на сопствениот уметнички глас;<br>• Прифаќа дека уметноста е значаен облик на комуникација и самоизразување;<br>• Верува дека презентирањето на сопственото дело (мозаик), придонесува за чувство на лична исполнетост и самодоверба;<br>• Смета дека витражот претставува значаен дел од нашето уметничко богатство;<br>• Подготвен/а е активно да учествува во подготовка и организација на изложба со почит кон трудот на сите учесници. |

| *Содржини (и поими)* | *Број на часови* | *Примери на активности:* |
|---|---|---|
| **Презентација на уметничките стилови: Класичен, Реалистички и Импресионистички**<br><br>(уметнички стил, класицизам, реализам, импресионизам) | 2 | • Во отворен разговор се дефинира што претставуваа поимот „стил" во уметноста?, и се поставува прашањето на учениците: што мислите, како изгледаат класицизмот, реализамот, импресионизмот?<br>• Потоа преку презнтација учениците ги разгледуваат стиловите и делата на познатите уметници како на пример: Класичен (Michelangelo, Leonardo da Vinci), Реалистички (Goustave Courbet, Jean-François Millet) и Импресионистички (Claude Monet, Edgar Degas ).<br>• Задача на учениците ќе биде преку креативна работа да сликат сцена во стилот што си го избрале, на пример : Класичен → идеализирана фигура, Реализам → сцена од секојдневниот живот или Импресионизам → пејзаж со видливи потези.<br>• На крај секој ченик ја претставува својата работа и објаснува: зошто го избрал овој стил на сликање? |
| **Апстрактен и експресионистички стил**<br><br>(апстрактен, експресионизам, емоција, форма, боја, симболика, композиција, интерпретација, уметник, порака) | 2 | • Во отворена дискусија на учениците им се поставува поттик прашања како на пр: Може ли слика да пренесе емоција без да прикажува вистински предмети?, или Како влијаат боите и формите врз нашите чувства?<br>• После дискусијата, учениците следат презентација со која ќе се запознаваат со карактеристиките на апстрактниот и експресионистичкиот уметнички стил, при што ќе направиме споредба на две уметнички дела : Една апстрактна (пр. Kandinsky – *Composition VIII*), и Една експресионистичка (пр. Munch – *The Scream*).<br>• Во рамки на креативна активност, учениците ќе изберат дали ќе создадат оригинално дело инспирирано од апстрактниот или експресионистичкиот стил, или ќе изработат репродукција на познато дело од еден од двата стила.<br>• Секој ученик ја прикажува својата слика, го именува стилот и објаснува зошто го одбрал токму тој пристап. |
| **Симболика во уметноста** | 2 | • На учениците им се појаснува што е симбол, и како се појавуваат симболи во верската уметност во Македонија. Им се прикажуваат на учениците слики од: Икони и мозаици од византиски цркви во Македонија (Св. Наум, Св. Јован Канео, Пресвета Богородица – Перивлепта), и Декорации од исламска уметност од познати џамии (Шарена Џамија во Тетово, Мустафа Паша во Скопје). |

| | | |
|---|---|---|
| (симбол, византиска и исламска уметност, културно наследство, икона, арабеска, калиграфија, фреска) | | • При што учениците идентификуваат симболи и ги споредуваат: Фигуративните симболи во византиската уметност (светци, светлина, круг, бои), и Геометриски и калиграфски симболи во исламската уметност (арабески, ѕвезди, лисја).<br>• Учениците ќе имат практична задача да создаваат цртеж или колаж што вклучува симболи од еден од стиловите (византиски или исламски), ја претставуваат својата творба и објаснуваат од кој стил се инспирирале. |
| **Техники на сликање – Темпера и акварел**<br><br>(темпера, акварел, пигмент, слоевитост, нијанса (тон), сува и влажна техника, инспирација) | 2 | • Учениците следат презентација во која ќе се прикажуваат примери од дела со темпера и акварел на пример, Албрехт Дирер (познато дело: Млада зајачица/ техника: акварел), или Винсент ван Гог (познато дело: Ѕвездена ноќ/ техника: Темпера).<br>• Откако учениците ќе можат да ги идентификуваат и да ги објаснат разликите во начинот на работа и визуелните ефекти, задача ќе им биде сликаат едноставен мотив (мирна природа, пејзаж или предмет) со една или двете техники, на пример: Половина лист со темпера, половина со акварел.<br>• На крај учениците дискутираат за искуството: Што беше полесно?, или Кој ефект изгледа помек/појак? |
| **Пејзаж**<br><br>(пејзаж, хоризонт, перспектива, светлина и сенка, длабочина, златен пресек, композиција, топли и ладни бои) | 2 | • Учениците поделени во мали групи, истражуваат на интернет за основните концепти поврзани со пејзажот, како и познати сликари кои се занимавале со пејзаж, на пример: Ван Гог, Клод Моне. Потоа имат задача да објаснат што претставува пејзажот во уметноста?, или кои се основните елементи на пејзажна композиција (хоризонт, перспектива, светлина, златен пресек)?<br>• По истражувањето, учениците поделени во две групи ќе имат задача да сликат природен пејзаж (планини, шума, море) или урбан, со техника: акварел, темпера или пастел, при што Првата група ќе изработи пејзаж користејќи топли бои (црвена, жолта, портокалова и нивни нијанси), додека Втората група ќе изработи пејзаж со ладни бои (сина, зелена, виолетова и нивни нијанси).<br>• По завршување на активноста, секој тим го презентира својот пејзаж и се анализираат разликите во емоција, атмосфера и композиција помеѓу двата дела. |

| | | |
|---|---|---|
| **Сликање на платно со акрил**<br><br>(акрилни бои, платно, четка, палета, нијанса, уметнички израз) | 2 | • Во отворена дискусија со учениците, наставникот ги поттикнува да размислат и набројат кои материјали се потребни за сликање на платно. Се води разговор во кој учениците активно учествуваат со свои одговори, а наставникот ги запишува на табла.<br>• По завршување на разговорот, учениците добиваат задача да изработат едноставна скица на избрана тема (на пример: пејзаж, мртва природа, апстрактен мотив и слично). Потоа, ја започнуваат работата на сликањето со акрилни бои, при што ги применуваат стекнатите знаења за: избор и примена на боја, создавање нијанси, композиција и изразност.<br>• Секој ученик го презентира своето дело пред класот или во мала група, и заедно со наставникот водат кратка дискусија во која се анализираат ефектите постигнати со акрил. |
| **Мозаикот во историјата и праксата**<br><br>(техника на мозаик, скица, рециклирање, колективна работа, гипс) | 4 | • На учениците им се прикажуваат серија слики од различни мозаици (антички, византиски, современи), при што наставникот води дискусија преку прашања: Од што мислите дека се направени овие уметнички дела?, Дали се стари или нови?, или Зошто луѓето создавале мозаици?.<br>• Учениците се делат во групи и избираат тема за мозаикот (на пр. природа, симболи, апстрактни форми и сл.). Заеднички одлучуваат за материјалите кои ќе ги користат (порцелански плочки, пластични чепчиња и др.). Групата изработува скица на дизајнот што ќе го реализира на платно или цврста подлога. Со претпазливост, учениците ги кршат порцеланските плочки на мали парчиња (камчиња), а потоа ги сортираат по боја и големина. Се започнува со редење на плочките/чепчињата врз подлогата, следејќи ја скицата, **,** при што секој член од групата има задача: лепење, надгледување на формата, прецизирање на детали и се остава доволно простор меѓу делчињата за пополнување со гипс. По завршување на редењето, се нанесува гипс врз целата површина со пластичен шпахтл, така што ќе ги пополни сите празнини, и се остава мозаикот да се исуши, потоа се чисти од вишок гипс, со цел да се истакнат боите и формата.<br>• Секоја група го презентира својот мозаик. По презентациите, учениците дискутираат и споредуваат како различните групи го решиле истиот креативен предизвик на различен начин. |

| | | |
|---|---|---|
| **Витраж како декоративна уметност**<br><br>(техника витраж, декоративна уметност, контура) | 4 | • Учениците слушаат кратка предавачка лекција за историјата на витражот, основните техники и материјалите што се користат при неговата изработка.<br>• Презентаци на конкретни примери на витражи, како што се: Витражите од Катедралата Нотр Дам, Париз /Франција (Големата розета /Rose window, со библиски сцени и симболика), или Современи витражи – Marc Chagall (Катедралата во Ремс /Франција), при што посебно внимание се посветува на дискусијата зошто витражот има големо значење во религиозната и културната уметност.<br>• Задача на учениците ќе биде, преку микро-проектот „Мој мал витраж", да изработат мини витраж во рамка (на пр. стара рамка за слика). Ќе користат бои за стакло или акрил, и ќе нацртаат едноставен дизајн – како што се цвеќе, сонце или геометриски форми.<br>• Како дополнителна активност, учениците ќе работат во групи за да создадат голем заеднички витраж на прозорец во училницата или во холот на училиштето. Темата ќе биде едукативна (на пр. екологија, култура, пријателство), а витражот ќе се изработи со бои за стакло или акрилни бои на транспарентна површина. |
| **Ликовна изложба и презентација**<br><br>(ликовна изложба, куратор, рефлексија, инспирација) | 2 | • Учениците го завршуваат поглавјето преку презентирање на своите уметнички дела, објаснувајќи кој стил и техника ги користеле и како го постигнале уметничкиот ефект.<br>• Подготвуваат ликовна изложба во училница или училиште, каде што се покануваат други ученици, наставници и родители.<br>• На крај се одржува заедничка рефлексија на тема: Што научивме од ова поглавје? Како се промени нашиот пристап кон уметноста? |

| |
|---|
| Тема 3: **Уметничка критика**<br>Вкупно часови: 10 |
| ***Знаења/Вештини :*** |
| • Може да ги идентификува и опише елементите и принципите на ликовниот израз во уметничко дело;<br>• Умее да користи соодветна ликовна терминологија при опишување и дискусија на уметнички дела;<br>• Ја разбира улогата на визуелниот јазик во пренесување пораки, идеи и емоции;<br>• Разбира како галеријата и ателјето функционираат како простори за изложување, создавање и доживување на уметноста. |

| |
|---|
| ***Ставови/Вредности:*** |
| • Почитува можноста за креативно истражување и експериментирање со ликовните елементи и принципи;<br>• Прифаќа дека важноста на набљудувањето и разбирањето на уметноста ја збогатува неговата/нејзината перспектива;<br>• Подготвен/а е да презема активности кои ја промовираат уметноста како средство за личен и општествен развој.<br>• Смета дека е важно да се цени креативноста, трудот и индивидуалниот израз на уметниците. |

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|---|
| **Повторување и примена на елементите и принципите на ликовниот израз**<br><br>(ликовни елементи и принципи) | 2 | • На учениците им се поставува кратка игра со загатки/описи за ликовен елемент или принцип, без да се открие името (на пр. Можам да бидам прав или закривен. Ги делам формите. Кој сум јас?). Учениците погодуваат за кој елемент или принцип се работи.<br>• Учениците се делат во мали групи (по 3-4 ученици). Секоја група добива лист со две колони: во првата колона се наведени имиња на ликовни елементи и/или принципи, а во втората колона треба да напишат кратка дефиниција или објаснување за секој поим.<br>• Како главна активност, секој ученик создава едноставен цртеж или скица во кој користи најмалку три ликовни елементи (линија, форма, боја) и два ликовни принципи (рамнотежа, контраст). На крајот, секој ученик објаснува со неколку реченици кои елементи и принципи ги употребил и зошто. |
| **Како да се гледа, анализира и критикува едно уметничко дело** | 4 | • Учениците набљудуваат едно уметничко дело и ги идентификуваат основните информации: автор, наслов, година на настанување, техника и жанр. Потоа, со свои зборови ја опишуваат сликата, одговарајќи на прашањата: Што е прикажано на делото? Дали го препознавате стилот или техниката што е употребена? |

| | | |
|---|---|---|
| (дијалог, интервју, аргументација, сопствено вреднување / саморефлексија) | | • По завршување на дискусијата, задачата на учениците ќе биде да пополнат аналитичка табела за делото, одговарајќи на прашањата: Кои елементи на ликовниот израз се присутни? Кои принципи на ликовна организација се користени во делото?<br>• Откако учениците ќе ја развијат способноста да идентификуваат и анализираат уметничко дело преку ликовните елементи и уметничките стилови, им се доделува конкретно дело врз основа на кое ќе изработат уметничка критика во рамките на наставниот час.<br>• Како завршна активност, учениците ќе учествуваат во улогова игра **–** „уметничко интервју“**,** каде што еден ученик ја презема улогата на уметник, а другиот на новинар или уметнички критичар.<br>Интервјуто ќе се води со прашања од типот:<br>– *„Која беше вашата инспирација при создавањето на делото?“*<br>– *„Зошто ја избравте токму таа боја, форма или композиција?”.* |
| **Посета на галерија на уметност или ателје на уметник**<br><br>(галерија, изложба, ателје, уметничка техника, медиум, критика, куратор) | 2 | • Пред посетата на галеријата, учениците се запознаваат со следните поими: галерија, изложба, ателје, уметничка техника, медиум, критика, куратор. Се отвора дискусија на тема: Како треба да се однесуваме при посета на културна установа?<br>Потоа, учениците, поделени во помали групи, формулираат прашања кои би му ги поставиле на уметникот или на вработен во галеријата.<br>• За време на посетата, учениците разгледуваат неколку уметнички дела и избираат едно од нив за подетална анализа.<br>Или, доколку посетата се одвива во ателје, учениците го следат процесот на работа на уметникот и подготвуваат мини-интервју со уметникот или кураторот (по претходен договор со институцијата).<br>• По посетата, учениците ќе имата активност да пишуваат кратка есејска критика со илустрација, како и да го презентират пред класот или во мали групи за нивниот избор. |
| **Проект / Презентација на критика за едно уметничко дело**<br><br>(уметничка критика, интерпретација, естетика, симболика, наративност во | 2 | • Секој ученик индивидуално го презентира својот проект – уметничка критика за сликарско дело што сам го има одбрано. Учениците ја анализираат делото врз основа на ликовните елементи, принципите на композиција и уметничкиот стил, и го изразуваат своето лично мислење и интерпретација за пораката што делото ја пренесува. Презентацијата вклучува краток опис на делото, визуелна и естетска анализа, како и |

| | | |
|---|---|---|
| уметноста) | | субјективна оценка, при што се гради аргументирана и структуирана критика.<br>• Со кратка дискусија, ја заокружуваме темата за уметничка критика, при што учениците даваат повратна информација за своето искуство со изработката и презентирањето на проектот. |